Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-21 135-239
13-11- 20 21 год.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

**SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE**
**FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE**
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 55 од Статутот на Градежниот факултет Скопје во состав на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/2019), согласно Одлуката за начинот на реализација на дејностите на Градежниот факултет - Скопје за време на вонредна состојба согласно мерките на надлежните органи во РС Македонија за спречување на внесување и ширење на корона вирусот CoVid-19, донесена на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет - Скопје, на својата 488 седница, одржана на 02.04.2020 година, врз основа на заклучоците на 506. Седница на Наставно-научниот совет на Факултетот одржана на 07.07.2021 г. ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за начинот на изведување на наставата во учебната 2021/2022

1. Предавањата на Градежниот факултет во Скопје во учебната 2021/2022 ќе се изведуваат со примена на средства за електронска комуникација. По исклучок, на барање на предметните наставници, заради специфичностите на наставните содржини, наставата може да се организира и со физичко присуство - со примена на сите потребни мерки за заштита.
2. Вежбите на Градежниот факултет во Скопје во учебната 2021/2022 ќе се изведуваат според комбиниран модел. Аудиториските вежби ќе се изведуваат со примена на средства за електронска комуникација, додека лабораториските и теренските вежби ќе се изведуваат со физичко присуство. По исклучок, на барање на предметните наставници, заради специфичностите на наставните содржини, аудиториските вежби може да се организираат и со физичко присуство - со примена на сите потребни мерки за заштита.
3. Другите активности кои ја сочинуваат наставата (консултации, семинарски работи, домашни задачи и др.), се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација. По исклучок, на барање на предметните наставници, заради специфичностите на наставните содржини, активностите може да се организираат и со физичко присуство - со примена на сите потребни мерки за заштита.
4. Наставата (предавањата и вежбите) ќе се реализираат според однапред утврден и објавен распоред.
5. Испитите ќе се одржуваат со примена на средства за електронска комуникација. По исклучок, на барање на предметните наставници, заради специфичностите на испитниот процес, испитите може да се организираат и со физичко присуство - со примена на сите потребни мерки за заштита.
6. Одбраните на дипломски, магистерски и докторски теми ќе се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација или со физичко присуство, во зависност од договорот меѓу членовите на комисијата и кандидатот.

   Доколку одбраните на дипломски, магистерски и докторски теми се изведуваат со физичко присуство, истите ќе се реализираат со запазување на актуелните протоколи за заштита, со минимално присуство на надворешни лица.
7. Во случај на донесување на нова одлука за начинот на одржување на наставата на ниво на целиот Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од страна на соодветните тела на УКИМ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

(Ректорска управа и Сенат на Универзитетот), Градежниот факултет со соодветна одлука ќе го прилагоди изведувањето на наставата на Факултетот, согласно одлуката.

Д е к а н,

Проф. д-р Златко Србиноски

Доставено до:

- ННС
- Продекан за настава
- Веб страницата на Факултетот,
- Студентите
- Архива.